С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес Излегува по потреба	**Број 7 година XLI** **2 септември 2005**	Претплата за 2005 година -500 ден. **жиро с-ка 300-2700000041-45**

85.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за основање на Јавното претпријатие за спорт

Се прогласува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за основање на Јавното претпријатие за спорт, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.08.2005 година.

Број 0801-1778/1
01 септември 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски.с,р.

Врз основа на член 3, став 3, од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/96) ,член 36, став 1, точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 4 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општитна Велес бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.08.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за спорт

Член 1

Во насловот на Одлуката за основање Јавно претпријатие за спорт ("Сл. гласник на Општина Велес" бр.5/05), зборот "спорт" се брише и се заменува со зборовите " стопанисување со спортски објекти".

Член 2

Во член 1 зборот "спорт" се брише и се заменува со зборовите " стопанисување со спортски објекти".

Член 3

Во член 2 зборовите "спорт" и "Вардар" се бришат и се заменуваат со зборовите "стопанисување со спортски објекти "Парк-Спорт".

Член 4

Член 4 се менува и гласи:

Дејност на јавното претпријатие

92 Рекреативни, спортски, културни и забавни активности

92.3 Културни и забавни активности
92.6 Спортски активности
92.7 Други рекреативни активности;

Член 5

Се овластува Комисијата за Статут и прописи на Советот на Општина Велес да утврди пречистен текст на Одлуката за основање на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк-спорт".

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1767/3
31.08.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

86.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена на името на основното училиште "Кирил и Методиј" од Велес

Се прогласува Одлуката за измена на името на основното училиште "Кирил и Медотиј" од Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.08.2005 година.

Број 0801-1778/2
01.09. 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с,р.

Врз основа на член 36,став1,точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ"бр.5/02), а согласно Одлуката за пренесување на основачките права и обврски над постојните основни училишта на општините и на општините во градот Скопје и пренесување на правата на сопственост на објекти („Сл.весник на РМ"бр.51/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.08.2005 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за измена на името на Основното училиште „Кирил и Методиј" од Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на името на Основното училиште „Кирил и Методиј" Велес во Основно училиште „Свети Кирил и Методиј" Велес.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1767/4
31.08.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

87.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за утврдување на надометокот за трошоци за избори на организаторите на изборната кампања чии кандидати добиле мандати за членови на Советот на Општина Велес и за Градоначалник на Општина Велес на локалните избори одржани во 2005 година

Се прогласува Одлуката за утврдување на надоместокот за изборните трошоци на организаторите на изборната кампања чии кандидати добиле мандати за членови на Советот на Општина Велес и за Градоначалник на Општина Велес на локалните избори одржани во 2005 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.08.2005 година.

Број 0801-1778/3
01.09. 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски .с,р.

Врз основа на член 48, став 4 од Законот за локалните избори - пречистен текст ("Службен весник на РМ"бр.45/04) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.08.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на надоместок на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот на Општина Велес и за Градоначалник на Општина Велес на локалните избори одржани во 2005 година

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува надоместокот на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања чии

кандидати се избрани за членови на Советот на Општина Велес и за Градоначалник на Општина Велес на локалните избори во 2005 година.

Член 2

На организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот на Општина Велес, а кои во со закон утврден рок поднеле извештаи за трошоците што се однесуваат на изборната кампања, им се утврдува следниот износ на надоместок:

- Коалиција "За Македонија - заедно" СДСМ, ЛДП и други 163.350,оо ден.
- ВМРО-ДПМНЕ и други 116.160,оо ден.

Вкупно: 279.510,оо ден.

Член 3

Средствата во износ од 163.350,оо денари за Коалицијата "За Македонија - заедно" да се префрлат на жиро-сметка 300000002014435, депонент Комерцијална банка - Скопје.

Средствата во износ од 116.160,оо денари за ВМРО-ДПМНЕ да се префрлат на жиро-сметка 320-0000000577-21, депонент Силекс банка.

Член 4

На Коалицијата "За Македонија - заедно" како организатор на изборната кампања на кандидатот кој е избран за Градоначлник на Општина Велес и се утврдува надоместок во износ од 189.420,оо денари.

Член 5

Средствата во износ од 189.420,оо денари за Коалицијата "За Македонија заедно" да се префрлат на жиро-сметка 300000002014435, депонент Комерцијална банка - Скопје.

Член 6

Надоместокот утврден во член 2 и 4 од оваа Одлука ќе биде исплатен од Буџетот на Општина Велес за 2005 година

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број - 0701-1767/5
31.08.2005 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

88.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето во првото полугодие од 2005 година на ЈКП "Дервен" Велес

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето во првото полугодие од 2005 година на ЈКП "Дервен" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.08.2005 година.

Број 0801-1778/4
01.09. 2005 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски.с,р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.08.2005 година, донесе,

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за работењето во првото полугодие од 2005 година на ЈКП „Дервен" Велес

1.Се усвојува Извештајот за работењето во првото полугодие од 2005 година на ЈКП „Дервен" Велес

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1767/6
31.08.2005 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

89.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за именување на претставници од Општина Велес за членови во Управниот одбор на локалната библиотека "Гоце Делчев" Велес

Се прогласува Решението за именување на претставници од Општина Велес за членови во Управниот одбор на локалната библиотека "Гоце Делчев" Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.08.2005 година.

Број 0801-1778/5
01.09. 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 13, став 2 од Законот за библиотеките („Сл.весник на РМ" бр.66/04) и член 36, став 1, точка 5 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 31.08.2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на претставници од Општина Велес за членови во Управниот одбор на локалната библиотека „Гоце Делчев"Велес

1. За претставници од Општина Велес за членови во Управниот одбор на локалната библиотека „Гоце Делчев" Велес се именуваат следните лица:

- Македонка Јанчевска - пензионер;
-Душан Џаџов - пензионер;
-Дејан Здравков - дипломиран филозов;
-Јадранка Мајсторова библиотекар;
-Гордана Васкова - библиотекар;

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1767/7
31.08.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

90.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за именување на претставници од Општина Велес за членови во Управниот одбор на локалниот музеј во Велес

Се прогласува Решението за именување на претставници од Општина Велес за членови во Управниот одбор на локалниот музеј во Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.08.2005 година.

Број 0801-1778/6
01.09.2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 12, став 2 од Законот за музеите („Сл.весник на РМ" бр.66/04) и член 36, став 1, точка 5 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 31.08.2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на претставници од Општина Велес за членови во Управниот одбор на локалниот музеј во Велес

1. За претставници од Општина Велес за членови во Управниот одбор на локалниот музеј во Велес се именуваат следните лица:

-Драгица Стојанова дипломиран историчар
-Десанка Мирчева апсолвент по Социјална политика
-Маргарета Роман професор по македонски јазик
-Марин Клифов - вишкустос
-Елица Николова - вишкустос

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1767/8
31.08.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

91.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Сатутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за именување на претставници од Општина Велес за членови во Управниот одбор на Јавниот ученички дом „Лазар Лазаревски“- Велес

Се прогласува Решението за именување на претставници од Општина Велес за членови во Управниот одбор на Јавниот ученички дом - „Лазар Лазаревски“- Велес , што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.08.2005 година.

Број 0801-1778/7
01.09. 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски.с,р.

Врз основа на член 58, став 2 и 4 од Законот за ученички стандард („Сл.весник на РМ" бр.52/05) и член 36, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 31.08.2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на претставници од Општина Велес за членови во Управниот одбор на јавниот ученички дом „Лазар Лазаревски"- Велес

1. За претставници од Општина Велес за членови во Управниот одбор на јавниот ученички дом "Лазар Лазаревски" - Велес се именуваат следните лица:

-Тоше Николов професор по одделенска настава;

-Филимена Костова професор по англиски јазик;

-Санде Апостолов - ССС

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1767/9
31.08.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

92.

Врз основа на член 45 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 40, став 1, алинеа 3 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 19.08.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за укинување на Одлуката за платите и другите надоместоци на избраните и именуваните лица на органите на Општина Велес

Член 1

Со оваа одлука се укинува Одлуката за платите и другите надоместоци на избраните и именуваните лица на органите на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.3/97, 5/97, 6/97, 8/01 и 2/03).

Член 2

Исплатата на платите на избраните лица ќе се врши согласно Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лице во Републиката.

Член 3

Оваа Одлука ќе се применува од 01.06.2005 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес„.

Број 1001-1755/1
30.08.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за мандатни прашања,
избори и именувања,
Дејан Гавазов.с,р.

93.

Врз основа на член 43, став 1, а во врска со член 45 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 40, став 1, алинеа 3 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на седницата одржана на 30.08.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на надоместокот на членовите на Советот на Општина Велес и на избраните и именуваните лица во постојните комисии

Член 1

На членовите на Советот на Општина Велес им се определува надоместок за присуство на одржана седница на Советот на

Општина Велес, без оглед на траењето на седницата во износ од 30% од просечната месечна нето плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци и надоместок за патни и дневни трошоци што ќе се исплатува според прописите кои се однесуваат на државните службеници.

Член 2

На членовите на работните тела на Советот на Општина Велес за присуство и работа на седница на комисиите им се определува надоместок исплатен согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година.

Член 3

На членовите на Советот, определени за склучување на бракови им се определува надоместок во износ од 500,оо денари, за секој ден на ангажираност за склучување на бракови, без оглед на тоа колку бракови членот склучил тој ден.

Член 4

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Велес и на избраните и именуваните лица во постојаните одбори и комисии („Сл.гласник на Општина Велес" бр.5/04)

Член 5

Оваа одлука ќе се применува од 01.06.2005 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес„.

Број 1001-1756/1
30.08.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за мандатни прашања
избори и именувања,
Дејан Гавазов с.р.

94.

Врз основа на член 39, став 1, алиена 5 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр 1/03) и член 5 од Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за спорт ("Службен гласник на Општина Велес"бр.7/05),

Комисијата за Статут и прописи на Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.08.2005 година го утврди пречистениот текст на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти.

Пречистениот текст на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти ги опфаќа: Одлуката за основање на Јавното претпријатие за спорт ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.5/05) и Одлука за измена и дополнување на Одлуката за основање на јавното претпријатие за спорт ("Сл.гласник на Општина Велес"бр.7/05),

О Д Л У К А
за основање на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти (пречистен текст)

I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес (во понатамошниот текст основач), основа Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти и ги утврдува основните прашања за основање на Претпријатие и остварување на јавниот интерес.

Член 2

Јавното претпријатие ќе работи под полн назив: Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк-спорт" Велес.

Скратениот назив на Претпријатието ќе гласи: ЈПССО „Парк-Спорт" Велес (во понатамошниот текст: Јавното претпријатие).

Член 3

Јавното претпријатие има својство на правно лице.

Седиштето на Претпријатието е во Велес на ул. "Алексо Демниевски " бб.

Член 4

Дејност на Јавното претпријатие:

92 Рекреативни, спортски, културни и забавни активности;

92.3 Културни и забавни активности;

92.6 Спортски активности;

92.7 Други рекреативни активности.

Член 5

Јавното претпријатие може да врши и други дејности определени со Статутот на Јавното претпријатие.

За дејностите во претходниот член Јавното претпријатие е должно да организира и води посебна книговодствена евиденција за искажување на резултатите од работењето.

Член 6

Јавното претпријатие не може да врши промена на името, седиштето и дејноста утврдена во член 2, 3 и 4 на оваа Одлука, без претходна согласност на основачот.

Член 7

Основните средства со кои располага Јавното претпријатие не може да ги отуѓува.

Целокупниот имот и средствата што се пренесени на Јавното претпријатие остануваат во сопственост на основачот.

Член 8

Основачот за почеток за работата обезбедува средства во вкупен износ од 600.000,оо денари (средства) утврдено во пописни листи (кои се составен дел на оваа Одлука) и тоа е основачки влог на Јавното претпријатие.

II ОРГАНИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Член 9

Орган на управување на Јавното претпријатие се: Управниот одбор,Одборот за контрола на материјално-финасиското работење и директорот.

Член 10

Управниот одбор на Јавното претпријатие се состои од 7 члена кои ги именува основачот ,од кои 5 члена од основачот и 2 члена од вработените во Јавното претпријатие.

Член 11

Одборот за контрола на материјално-финасиското работење на Јавното претпријатие се состои од 5 члена, кои ги именува основачот.

Член 12

Одговорно лице за застапување на Јавното претпријатие е директор,кој го избира Градоначалникот на Општина Велес, по пат на јавен конкурс.

Член 13

За лице кое ќе ги води работите на претпријатието до негово конституирање се именува Александар Костовски од Велес .

III ОДГОВОРНОСТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Член 14

Одговорноста, правата и обврските на органите на Јавното претпријатие ќе бидат регулирани со статутот на Јавното претпријатие.

Член 15

Во правниот промет со трети лица Јавното претпријатие настапува во свое име и за своја сметка, со неограничени овластувања.

Член 16

За обврските спрема трети лица Јавното претпријатие одговара со целиот свој имот,со целосна одговорност.

Член 17

Основачот - Советот на Општина Велес, не одговара за обврските на Јавното претпријатие спрема трети лица.

Член 18

Основачот дава согласност на Статутот на јавното претпријатие, на актот за употреба на средствата остварени со работење, на актот за задожување, проширување на дејноста на јавното претпријатие, годишната програма и извештај за работа и други акти кои се значајни за работата на јавното претпријатие.

IV ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 19

Работниците кои ќе бидат во работен однос во јавното претпријатие ќе ги остваруваат своите права согласно законот за работни односи и другите општи акти на јавното претпријатие.

Член 20

Јавното претпријатие се основа на неодредено време.

Член 21

Донесувањето на Статутот на Јавното претпријатие и конституирањето на Органите на управување ќе биде извршено во рок до 60 дена од денот на уписот во регистарскиот суд.

Член 22

Начинот на спроведување на одлуките на јавнот претпријатие, органите на управување, условите и начинот на утврдувањето и распоредувањето на добивката, права и обврски на оснивачот како и односите на финансирањето ќе се регулира со статутот на јавното претпријатие.

Член 23

На прашања кои не се регулирани во оваа Одлука,непосредно ќе се применуваат одредбите од законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Член 24

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 1701-1782/2
01.09.2005 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за Статут и прописи
Трајко Бабунски с.р.

Бр на акт	Содржина	Страница
85	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за основање на Јавното претпријатие за спорт**	142
	О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за спорт	
86	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена на името на основното училиште "Кирил и Методиј" од Велес**	143
	О Д Л У К А за измена на името на Основното училиште „Кирил и Методиј" од Велес	
87	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за утврдување на надометокот за трошоци за избори на организаторите на изборната кампања чии кандидати добиле мандати за членови на Советот на Општина Велес и за Градоначалник на Општина Велес на локалните избори одржани во 2005 година**	143
	О Д Л У К А за утврдување на надоместок на трошоци за избори на организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Советот на Општина Велес и за Градоначалник на Општина Велес на локалните избори одржани во 2005 година	
88	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето во првото полугодие од 2005 година на ЈКП "Дервен" Велес**	144
	З А К Л У ЧО К за усвојување на Извештајот за работењето во првото полугодие од 2005 година на ЈКП „Дервен" Велес	
89	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за именување на претставници од Општина Велес за членови во Управниот одбор на локалната библиотека "Гоце Делчев" Велес**	145
	Р Е Ш Е Н И Е за именување на претставници од Општина Велес за членови во Управниот одбор на локалната библиотека „Гоце Делчев"Велес	
90	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за именување на претставници од Општина Велес за членови во Управниот одбор на локалниот музеј во Велес**	145
	Р Е Ш Е Н И Е за именување на претставници од Општина Велес за членови во Управниот одбор на локалниот музеј во Велес	

Бр на акт **Страница**

91	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за именување на претставници од Општина Велес за членови во Управниот одбор на јавниот ученички дом „Лазар Лазаревски“- Велес**	146
	Р Е Ш Е Н И Е за именување на претставници од Општина Велес за членови во Управниот одбор на јавниот ученички дом „Лазар Лазаревски"- Велес	
92	**О Д Л У К А за укинување на Одлуката за платите и другите надоместоци на избраните и именуваните лица на органите на Општина Велес**	146
93	**О Д Л У К А за определување на надоместокот на членовите на Советот на Општина Велес и на избраните и именуваните лица во постојните комисии**	146
94	**О Д Л У К А за основање на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти (пречистен текст)**	147

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00